Архивски број: 08-258/1
Датум: 11-03-2026

Постапувајќи по претставка бр. 08-263/1 од 28.2.2025 година поднесена од ----- и претставката бр. 08-264/1 од ----- против ----- за заштита од дискриминација врз основа на политичко уверување и лично својство, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на политичко уверување и лично својство во областа на работата и работните односи од страна на ----- кон ----- и -----.

## Образложение

На 28.2.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на подносителката ----- преку адвокат полномошник ----- против -----, во областа на работата и работните односи, врз основа на политичко уверување и лично својство. Истиот ден од страна на ----- преку адвокат полномошник ----- беше поднесена претставката за заштита од дискриминација против истиот потенцијален дискриминатор, исто така во областа на работата и работните односи и врз основа на политичко уверување и лично својство. Имајќи предвид дека двете претставки се однесуваат на иста правна работа и против истиот работодавач, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги спои двете постапки во една.

Во претставката поднесена од ----- се наведува дека таа на 30.12.2022 година склучила Договор за дело со -----, заради времено вршење на работни задачи. Откако ----- објавил оглас за вработување на административни службеници на неопределено време, на 9.2.2024 година подносителката засновала работен однос во ----- на работно место – -----. Понатаму, подносителката на 6.6.2024 година поднела Барање за распоредување на ново работно место – -----. Конкретното работно место било на исто ниво и со иста плата, како и работното место на кое подносителката засновала работен однос. Таквото барање било прифатено и подносителката била распоредена на работното место – помошник -----. На 6.12.2024 година до подносителката било доставено Известување од страна на -----, со кое подносителката се информирала дека ќе се спроведе испит за добивање на лиценца за -----. На 23.12.2024 година подносителката го положила теоретскиот дел од испитот со 88 поени. Во претставката се наведува дека ----- како работодавач на подносителката, **наместо да ѝ овозможи полагање на преостанатиот дел од испитот, на 30.12.2024 година донел Решение за**

**распоредување, со кое подносителката ја распоредил на првичното работно место – -----. Во образложението на Решението било наведено дека подносителката се распоредува на претходното работно место поради тоа што не била добиена согласност од страна на Министерството за финансии за нејзиното распоредување на работното место – помошник -----, како и дека истото не било предвидено во Годишниот план за вработување за 2024 година.** Со тоа се појаснува дека на подносителката ѝ е причинета штета во поглед на кариерно унапредување, поради тоа што првичното работно место се смета за административно и со нејзиното распоредување на истото, таа ја изгубила можноста за полагање на испитот со кој би се стекнала со лиценца за -----. Според наводите од претставката ваквото постапување на работодавачот упатува на дискриминација, поради фактот што единствено подносителката била распоредена со ваква причина и образложение. Се наведува дека во ----- постојат други вработени кои не биле вметнати во годишен план, ниту била барана согласност од Министерството за финансии за нивно распоредување, а истите биле распоредени. Како примери се наведени лица кои во периодот од 2023 до 2024 година биле распоредени како -----, и тоа: -----, -----, -----, ----- и др. Освен тоа, во претставката се посочува како дискриминаторско дејствие и начинот на достава на Решението за распоредување до подносителката од страна на нејзиниот работодавач. Се истакнува дека актот бил доставен лично на подносителката во период на голем број верски и државни празници, со цел да се оневозможи да ја оствари законски загарантираната правна заштита. Се потенцира дека тоа не било случај со останатите колеги на подносителката кои во истиот период биле распоредени, бидејќи актите им биле доставени поштенски, а работодавачот ги изготвил решенијата по завршување на празничниот период.

Во прилог на претставката беа доставени следните докази:

- Договор за дело бр. -----од -----година;
- Решение за вработување, стекнување на статус, распоредување на работно место и плата на административен службеник бр. ----- од ----- година;
- М1/М2 образец од ----- година;
- Барање за распоредување на работно место бр. ----- од ----- година;
- Решение за распоредување на работно место бр. ----- од ----- година;
- Решение за определување на ментор бр. ----- од ----- година;
- Исплатна листа за месец април 2024 година;
- Исплатна листа за месец август 2024 година;
- Известување од ----- бр. -----од ----- година;
- Решение за прераспоредување на работно место и плата на административен службеник бр. ----- од ----- година;
- Список на вработени во ----- и
- Полномошно.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација по разгледување на претставката ја задолжи подносителката да ја доуреди претставката со тоа што ќе ја појасни дискриминаторската основа од претставката – лично својство и општествен статус.

Во поднесокот за дополнување на претставката се појаснува дискриминаторската основа во контекст на политичките партии кои биле на власт, директорите на -----, промената на власта и како тоа влијаело на подносителката во смисла на дејствијата пријавени како дискриминација. Имено, се наведува дека подносителката го склучила Договорот за дело, а потоа го засновала работниот однос во ----- во период кога владеачката коалиција во државата била предводена од политичките партии СДСМ и ДУИ. Се наведува дека по промена на власта во 2024 година и владечката коалиција во Владата, предводена од политичките партии ВМРО – ДПМНЕ, ВЛЕН и ЗНАМ дошло до промена на директорот на -----. Тогаш за директор бил назначен -----, за кој во поднесокот се наведува дека е член/симпатизер на владеачката коалиција. Промената на работното место на подносителката се случила откако бил назначен -----. Од друга страна, се наведува дека подносителката нема исти политички уверувања како и директорот, а е членка на политичка партија што не е дел од владеачката коалиција. Според истакнатото токму тоа е причината поради која подносителката била кариерно деградирана и распоредена на друго работно место. Во поткрепа на наведеното се посочуваат лица вработени во ----- кои се со исти политички уверувања со директорот, а кои биле распоредени на повисоки работни позиции и користеле бенефит во -----. Освен политичкото уверување, во однос на дискриминаторската основа се истакнува дека подносителката во приватниот живот се занимава со уличен театар. Имајќи предвид дека оваа карактеристика во нашето општество е стигматизирана, се потенцира да биде земена предвид како околност при определување на дискриминаторската основа – лично својство и општествен статус.

Тврдењата се поткрепени со достава на следните докази во прилог:

- Принт скринови од социјалната мрежа Facebook, објави од приватниот профил директорот;
- Список на членови кои донирале во кампањата на ВМРО ДПМНЕ за претседателката Гордана Силјановска Давкова;
- Членска карта издадена на име на подносителката -----;
- Список со донации во политичката партија ВМРО – ДПМНЕ од 2020 и 2021 година и
- Принт скринови од социјалната мрежа Facebook од објави на приватни профили на вработени во -----.

Втората претставка поднесена од ----- против ----- се однесува на идентична правна ситуација како во првата претставката. Со тоа што ----- засновала работен однос кај пријавениот на 6.2.2024 година на работно место – -----.

Имајќи предвид дека двете претставки се однесуваат на идентичка правна работа и против истиот пријавен дискриминатор, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација донесе Заклучок со кој ги спои двете постапки во една.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до ----- достави Барање за произнесување по двете претставки.

----- во поднесокот за произнесување наведува дека претставките се неосновани и дека не е сторена дискриминација кон подносителките. Се појаснува дека пополнувањето на работни места за административни службеници се врши согласно законската регулатива, вклучувајќи го Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор, при што постапките за вработување, унапредување и мобилност се спроведуваат по претходно обезбедени финансиски средства од надлежните органи. Планот за вработување се изготвува на ниво на институција и содржи податоци за планирани пензионирања и други движења на вработените, **а истиот се одобрува од Министерството за финансии, Министерството за јавна администрација и Министерството за односи меѓу заедниците.** Се наведува дека административните службеници може да бидат трајно распоредени на друго работно место на исто ниво, односно на работно место за кое ги исполнуваат општите и посебните услови пропишани во актот за систематизација, за што се носи решение од надлежното раководно лице. Пополнувањето и уредувањето на работните места се врши согласно Правилникот за систематизација на работните места во ----- и неговите измени, со што се обезбедува законитост и еднаков третман на сите вработени.

Во поднесокот се појаснува и за конкретниот случај на подносителката -----, која со Решение за распоредување бр. ----- од ----- година, по сопствено барање (арх. бр. ----- од ----- година), е распореден од работно место „----- " на работно место „----- ". **Увидот во досието покажал дека распоредувањето не било предвидено со Годишниот план за вработување за 2024 година и не е обезбедена согласност од Министерството за финансии.** Сепак, се посочува дека распоредувањето е оправдано поради потребата за непречено функционирање на институцијата, фактот дека двете работни места се на исто работно ниво и дека за пресметката на основната плата нема промена во бодовите согласно член 87 од Законот за административни службеници. Дополнително, административниот службеник претходно ги извршувал работите на работното место на кое е распореден и е запознат со нив.

Во однос на подносителката ----- се појаснува дека двете работни места (----- и -----) се на исто работно ниво – В1 и исто така нема промена во бројот на бодовите при пресметка на основните компоненти на платата. Се појаснува и дека подносителката ги исполнува општите и посебните услови за извршување на работните задачи за кои е распоредена и дека поседува соодветни квалификации и претходно работно искуство.

Во поднесокот се наведува дека двете подносителки имаат поднесено жалба до Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници при Агенцијата за администрација, за која сеуште не е донесено решение. Исто така, се посочува дека тие не се единствени кои бил прераспоредени без предвиден план за вработување и без согласност од Министерството за финансии, бидејќи идентично постапување е извршено и кај 17 други вработени. Кај тие 17 вработени било исто така констатирано дека распоредувањето не било предвидено во Годишниот план за вработување за 2024 година и дека за истото не е обезбедена согласност од Министерството за финансии.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација заради правилно утврдување на фактичката состојба, согласно член 30, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави Барање за доставување на информации до -----. Со истото го задолжи да ги достави следните информации:

- Колку од вработените во ----- кои биле распоредени, односно унапредени на работно место помлад ----- или помошник ----- се останати на истите работни места?;
- Дали за оние вработени кои останале на работните места била обезбедена согласност?;
- Дали за сите оние вработени кои се распоредени од помлад ----- или помошник ----- во помлад соработник или соработник не била обезбедена согласност, па тоа била решавачка околност за нивното прераспоредување (освен потребите во работните процеси на -----) и
- За кого се однесувала согласноста за унапредување од Известувањето на Министерството за финансии со бр. ----- од -----година?

Во одговорот доставен од страна на ----- до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се наведува дека листата на вработени кои биле распоредени од работно место со шифра УПРXXX на работно место ИНСXXX изнесува 42 вработени во -----. Од вкупниот број на прераспоредувања за 17 не била обезбедена финансиска согласност од Министерството за финансии. Тие лица биле вратени во УПРXXX без промена во бројот на бодовите при пресметка на основните компоненти на плата. Кај останатите 23 лица распоредувањето било направено врз основа на претходни согласности од Министерството за финансии по различни основи (ново вработување, унапредување, преземање од друга институција). Единствено кај две лица настанале финансиски импликации уште од првиот момент на распоредувањето поради тоа што поседувале лиценца за -----, за што понатаму ќе одлучува -----.

Во однос на прашањето за Известувањето на Министерството за финансии посочуваат дека се работи за распоредување на вработената -----.

Во прилог на одговорот беа доставени Решенија на Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен и листа на вработени кои биле распоредени од работно место со шифра УПРХХХ на работно место ИНСХХХ со забелешка за начинот на распоредување и дали е обезбедена финансиска согласност.

Подносителката ----- до Комисијата достави дополнување на претставката со податоци и информации кои ги дознала по поднесување на претставката. Информира дека ----- – ----- распишал нови огласи за вработување на -----, вклучувајќи го и Одделението ----- , каде што таа била прераспоредена и покрај тоа што во нејзиното Решение било наведено дека во одделението имало доволно извршители. Поточно, за период пократок од седум месеци Одделението ----- било трансформирано во Сектор -----, по што бил објавен јавен оглас за работно место „Помошник раководител на сектор за ---- - “ (јавен оглас бр. -----), за кој доставила и линк во прилог. Понатаму, навела дека паралелно со наведеното, извршени биле распоредувања на административни службеници од работни места во УПР во ИНС, и тоа: административен службеник од Одделението ----- бил распореден како ----- во Одделението/Секторот за -----, како и уште една административна службеничка од Одделението за -----, која исто така била распоредена како ----- во Одделението -----. Подносителката навела дека има сознанија што укажуваат на тоа дека од Министерството за јавна администрација до ----- била доставена информација дека не е дозволено во рамки на ист ----- да се врши распоредување од УПР во ИНС. Воедно, таа посочила дека ваквата пракса не се почитувала, што според неа се потврдува со бројни распоредувања од УПР во ИНС кои се вршеле со години во -----. За таа цел, доставила листа со распоредувања од 2015 година до денес, како и решенија за последните две распоредувања од УПР во ИНС од -----, со напомена дека за истите може да се изврши директен увид во -----, имајќи предвид дека ----- е орган во состав на наведеното министерство. Се наведува и дека Одделението ----- и Одделението -----, во период од шест месеци пред таа да биде прераспоредена од ИНС во УПР, во ниту еден момент не укажале дека распоредувањето морало да биде предвидено со Годишниот план за вработување, ниту дека било потребно да се обезбеди согласност од Министерството за финансии, со што, според неа, бил прекршен член 35 од Законот за вработените во јавниот сектор. Во прилог на ова, навела дека поседува електронска кореспонденција од која произлегува дека Одделението ----- доставувало решенија за распоредување од УПР во ИНС до директорот на -----, без никакви укажувања за законски пречки или обврски. Подносителката истакнала дека ниту по вработените во Одделението за човечки ресурси, ниту по вработените во Одделението за финансии не биле преземени никакви дејствија, и покрај наведените пропусти. Напротив, навела дека административниот службеник -----, советник во Одделението за човечки ресурси, која директно учествувала во изработка на Годишните планови за вработување и барањата за согласност, била унапредена и овластена како раководно лице, согласно причините наведени во писмената претставка.

Со дополнувањето се потенцира дека несторувањето, односно молчењето од страна на Одделението за човечки ресурси и Одделението за финансии, претставува форма на дискриминација и укажува на системска пракса според која најголемиот дел од распоредувањата од УПР во ИНС во рамки на ----- не биле предвидени со Годишните планови за вработување. Во прилог, доставила и линкови од други објавени огласи.

Ценејќи ги наводите и доказите од претставките и поднесоците за дополнување на претставките на подносителките, наводите и доказите од поднесокот за произнесување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи дека во конкретниот случај не била извршена дискриминација врз подносителките врз основа на политичко уверување и лично својство во областа на работата и работните односи.

Имено, за да се стори веројатно тврдењето за извршена дискриминација, и за да премине товарот на докажување од подносителот на претставката кон потенцијалниот дискриминатор, во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **подносителот треба да докаже дека постои јасна причинско – последична врска помеѓу дискриминаторската основа и настанатата повреда.** Освен тоа, за да постои веројатност за дискриминација потребно е да постои и каузалност помеѓу понеповолно постапување и настанатата повреда, односно штета за подносителот, како и поврзаност помеѓу понеповолното постапување и дискриминаторската основа. Во конкретниот случај подносителките наведуваат дека основа за дискриминацијата е нивното политичко уверување и лично својство, но не прават јасна причинско последична врска помеѓу споменатите заштитни карактеристики и фактот дека не биле унапредени. **Во недостаток на врската помеѓу дискриминаторска основа и повредата, како и во отсуство на докажано понеповолно постапување и недостаток на компаратор не може да стане збор за дискриминација.**

Од утврдената фактичка состојба произлегува дека распоредувањето на подносителките било извршено во рамки на организациските потреби на институцијата и согласно актите за систематизација на работните места, при што и во двата случаи се работи за работни места на исто работно ниво, без промена во бројот на бодовите кои ја определуваат основната плата. Оттука, не може да се утврди дека со донесените решенија подносителките биле ставени во понеповолна положба во однос на нивниот работно правен статус или материјални права.

Дополнително, од доставените информации произлегува дека ваквиот вид на распоредување не се однесува исклучиво на подносителките, туку претставува поширока практика во рамки на институцијата, при што идентична постапка била применета и кон други вработени. Ова укажува дека постапувањето на работодавачот било генерално и применето кон повеќе лица, а не насочено селективно кон подносителките.

Воедно, фактот дека подносителките поднеле жалба до Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници при Агенцијата за администрација укажува дека предметното прашање во суштина се однесува на законитоста и правилноста на управната постапка за распоредување, што претставува прашање од работно правен и управно правен карактер. Меѓутоа, евентуалната неправилност или незаконитост во постапувањето на работодавачот сама по себе не претставува дискриминација, доколку не е поврзана со некоја од заштитените основи.

**Во недостаток на врската помеѓу дискриминаторска основа и повредата, како и во отсуство на докажано понеповолно постапување и недостаток на компаратор не може да стане збор за дискриминација.**

Оттука произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство* ***што се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група* ***на еднаква основа со други.*** *Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Врз основа на наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова Мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ

Доставено до:
-----
-----